Република Македонија
Министерство за финансии
Управа за финансиско разузнавање

Министерство за финансии
Управа за финансиско разузнавање
Ѓуро Стругар бр:5 ,4 кат
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3297 540
(02) 3297 690
Факс: (02) 3224 824
Е-пошта: contact@ufr.gov.mk
Сајт: www.ufr.gov.mk

Број. 04 - 40/59 (18)
Дата: 07/11/2018, Скопје

Врз основа на член 77 став 10 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам ( "Службен весник на РМ " бр. 120/18 ), а во врска со јавниот оглас бр.04-40/53 (18) од 05.10.2018 година објавен во дневните весници "Слободен печат" и "Коха", за вработување на овластено службено лице во Министерство за финансии – Управа за финансиско разузнавање, директорот на Управата за финансиско разузнавање донесе:

# ОДЛУКА
## *за избор на 1 (еден) извршител - за работно место раководител на Одделение за правни и административни работи – финансиски разузнавач*

1. За извршител на работно место раководител на Одделение за правни и административни работи – финансиски разузнавач, во Секторот за надзор, регулатива и меѓународна соработка во Управата за финансиско разузнавање се избира кандидатот Владо Стојанов.

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

### *Образложение*

Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнвач формирана со Решение на директорот на Управата за финансиско разузнавање бр.04-40/55 (18) од 15.10.2018 година во функција на спроведување на постапка за вработување на финансиски разузнавач за извршување на работите од точка 1 од оваа Одлука, а по огласот за вработување на финансиски разузнавач 04-40/53 (18) од 05.10.2018 објавен во дневните весници "Слободен печат" и "Коха" спроведе постапка за административна селекција, писмен испит и интервју за наведеното работно место.

Комисијата констатираше дека на јавниот оглас за вработување се пријавил еден кандидат, односно кандидатот Владо Стојанов.

Врз основа на записникот бр.04-40/56 (18) од административната селекција, изготвен од страна на комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач, кандидатот Владо Стојанов ја помина административната селекција односно достави уредна и комплетна документација согласно условите од јавниот оглас.

Врз основа на записникот бр.04-40/57 (18) од спорведениот писмен испит, изготвен од страна на страна на комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач кандидат, Владо Стојанов, го положи писмениот испит со освоени 89 бодови (од можни 100 бодови).

Врз основа на записникот бр.04-40/58 (18) од спроведеното интервју од страна на страна на комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач кандидат, комисијата од максимум 20 бода кои ги носи интервјуто, на кандидатот Владо Стојанов му даде 10 бода. Во процесот на селекција, кандидатот Владо Стојанов има освоено вкупно 70 бода (60 бода од писмен испит и 10 бода од интервју).

Врз основа на записниците од работата на Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач во Управата за финансиско разузнавање, Директорот на Управата за финансиско разузнавање одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По завршувањето на постапката за избор Директорот на Управата за финансиско разузнавање ќе донесе решение за вработување.

ПРАВНА ПОУКА: Против Одлуката, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум (8) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата на Управата за финансиско разузнавање.

ДИРЕКТОР
Блажо Трендафилов

ДОСТАВЕНО ДО:

- Агенцијата за администрација
- Архива